РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Министерство за енергетика,рударство
и минерални суровини
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Ministria e Energjisë,Minerave dhe
Burimeve Minerale
Бр.Nr 31-276/1
22.08 2024 год.viti
Скопје-Shkup

Друштво за производство и трговија
БУЛМАК 2016 ДООЕЛ
Бр. 03-3089/1
04.09 2024 год.

Врз основа на член 29-а став (12) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.99/22, 129/23, 253/23 и 147/24) и Одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – олово и цинк на локалитетот „Сокол - Тораница“, општина Крива Паланка и општина Македонска Каменица на Друштвото за производство и трговија БУЛМАК 2016 ДООЕЛ Пробиштип бр.41-1273/4 од 22 јануари 2024 година (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.24/2024)

**1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**застапувана од Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини**
**Сања Божиновска**
**(во натамошниот текст: концедент)**
**и**
**2. Друштвото за производство и трговија БУЛМАК 2016 ДООЕЛ Пробиштип**
**со адреса: Ул.Јаким Стојковски бр.2 Пробиштип,**
**Република Северна Македонија**
**застапувано од лицата:Гоце Мојсоски и Илија Горанов Илиев**
**(во натамошниот текст: концесионер)**

**на ден __________ 2024 година во Скопје, склучија:**

# АНЕКС
# НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – РУДИ НА ОЛОВО И ЦИНК НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ ТОРАНИЦА, СОКОЛ, БАЧИЛО И СРЕДНО БРДО “, ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

## Член 1

Во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – руди на олово и цинк на локалитетот „Тораница, Сокол, Бачило и Средно Брдо“, општина Крива Паланка бр.24-44/29 од 06.04.2016 година, склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Друштвото за производство и трговија БУЛМАК 2016 ДООЕЛ Скопје во насловот на Договорот по општина Крива Паланка се додава зборот:„и општина Македонска Каменица”.

## Член 2

Членот 4 се менува и гласи:

„Член 4

**Просторот на кој се доделува концесијата**

Просторот на кој е доделена концесијата од член 1 на овој договор се наоѓа на локалитетот „Тораница, Сокол, Бачило и Средно Брдо“, општина Крива Паланка и општина Македонска Каменица и го зафаќа просторот ограничен со точки, дефинирани со координати, точките меѓусебно поврзани со прави линии како што се дадени на Топографската карта приклучена кон овој договор во мерка М = 1 : 25 000 во Гаус-Кригерова проекција, и тоа:

| Точка | Координата У | Координата Х |
|---|---|---|
| Т-1 | 7622620 | 4670650 |
| Т-2 | 7622400 | 4670000 |
| Т-3 | 7622705 | 4669371 |
| Т-4 | 7623800 | 4668100 |
| Т-5 | 7623980 | 4667930 |
| Т-6 | 7625450 | 4668730 |
| Т-7 | 7625322 | 4668846 |
| Т-8 | 7625260 | 4669000 |
| Т-9 | 7625100 | 4669500 |
| Т-10 | 7624580 | 4669700 |
| Т-11 | 7623660 | 4670570 |

Површината на просторот на концесијата за експлоатација од став 1 од овој член изнесува Р=4.572940 $km^2$ /квадратни километри/.”

## Член 3

Составен дел на овој анекс на договор е и Топографска карта дадена во прилог на овој анекс на договор.

## Член 4

Овој анекс на договор е составен во (7) седум еднообразни примероци од кои по четири (4) примероци за Концедентот и по три (3) примерока за Концесионерот.

**Член 5**

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – руди на олово и цинк на локалитетот „Тораница, Сокол, Бачило и Средно Брдо“, општина Крива Паланка бр.24-44/29 од 06.04.2016 година.

**Член 6**

Сите останати одредби од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – руди на олово и цинк на локалитетот „Тораница, Сокол, Бачило и Средно Брдо“, општина Крива Паланка бр.24-44/29 од 06.04.2016 година остануваат во сила непроменети.

| За Концедент | За Концесионер |
|---|---|
| ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | Друштво за производство и трговија БУЛМАК 2016 ДООЕЛ Пробиштип |
| МИНИСТЕР ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ | Гоце Мојсоски |
| | ------------------------ |
| Сања Божиновска | Илија Горанов Илиев |
| | ------------------------ |

Изработил: Fatmir Shaqiri
Контролирал: Кика Шпритова
m-r Jeton Kuçi
Проверил:: Florent Çiçe
Одобрил: Горан Јовановски

## Топографска карта на концесиски простор

1:25000

**Локалитет:** Тораница, Сокол, Бачило и Средно Брдо - Крива Паланка,Македонска Каменица

**Минерална суровина:** Олово и Цинк

Површина = 4.572940 км2




| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7622620 | 4670650 |
| 2 | 7622400 | 4670000 |
| 3 | 7622705 | 4669371 |
| 4 | 7623800 | 4668100 |
| 5 | 7623980 | 4667930 |
| 6 | 7625450 | 4668730 |
| 7 | 7625322 | 4668846 |
| 8 | 7625260 | 4669000 |
| 9 | 7625100 | 4669500 |
| 10 | 7624580 | 4669700 |
| 11 | 7623660 | 4670570 |